Во текот на учебната година ќе се врши увид во оценувањето на учениците од страна на директорот, стручните соработници и тимот за оценување, а во согласност со акциониот план за оценувањето. Притоа, посебен акцент ќе биде ставен при стимулирањето за примена на стандардите во оценувањето, и активностите на секој наставник во секој класификационен период (тестови, контролни работи, писмени работи, евидентни листови), и примена на повеќе инструменти за формативното и сумативното оценување, со цел да се постигне што поголема објективност и транспарентност во оценувањето на учениците.

За повторна проверка на знаењето се формира комисија составена од одделенскиот раководител и два наставници по предметот по кој се врши повторна проверка на знаењето од редот на наставници од училиштето или од друго училиште, но не наставникот кој ја утврдил оценката.

Одделенски испит, поправен исит или испит за побрзо напредување се полага пред комисија составена од претседател и два члена-наставници, од кои еден член е наставник од соодветниот предмет.

### 16.2. Тим за следење, анализа и поддршка

Директорот, стручната служба и различни тимови од наставници ќе даваат поддршка, ќе вршат анализи, а пред се ќе ја следат работата на училиштето во сите сегменти споредплан за следење и анализа на состојбите.

Тимот за следење анализа и поддршка ќе го сочинуваат: стручни соработници, двајца предметни наставници и двајца одделенски наставници. Тимот ќе работи според програма која ќе ја изготви во месец септември, а која ќе содржи активности насочени кон поддршка на учениците во постигање на подобри резултати.

### 16.3. Стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно-образовниот кадар

Согласно Планот за посета, следење и вреднување на квалитетот на работата на наставниците кој е прилог на оваа програма , во текот на секое полугодие се планира и реализира посета на часови, од страна на директорот и стручната служба во училиштето. Во текот на учебната година има стручни посети на часови и од страна на советници од БРО и инспектори од ДПИ.

Следење и вреднување на планирањата од наставниците по предмети:

| **Вид на планирање кое се следи** | **динамика на следењето** | **начин на следење** | **документ за евиденција** | **носители на следењето** |
|---|---|---|---|---|
| Глобалното и тематско планирање за задолжителната, дополнителната и додатната настава и СУА | Во текот на месец септември | Увид во планирањата, целосност и застапеноста на сите потребни елементи во истите. Овој образец се чува во наставничкото досие. | Листа за следење на на планирањата Листи за известување. | директор педагог |
| Дневните планирања за час | Периодично | Увид во дневните планирања и застапеноста на сите потребни елементи во истите | Листа за следење дневното планирање на | директор педагог |
| Годишнатапрограма за работа на училиштето | По класификациони периоди | Разгледување и анализа на реализацијата. | Записници Извештаи | Директор, педагог, психолог |

1. **Следење и вреднување на задолжителната, дополнителната и додатната настава.** Наставата ќе се следи на два начина: неструктуирано и структуирано.

**Неструктуираното следење** и вреднување на наставата ќе се спроведува инцидентно, доколку се јави некаков проблем во паралелката, доколку се добиени информации за неквалитетно изведување на наставата и слично. Кога се следи и вреднува на ваков начин:

- мора да се најави барем еден час порано кај наставникот;
- не треба да се има предвидени очекувања од следењето;
- следењето се бележи во слободна форма;
- се бележат некои впечатливи детали од наставниот процес;
- се обидуваме да го идентификуваме проблемот (доколку постои);
- по следењето белешките се систематизираат и чуваат како извештај од неструктуираноследење на настава;
- по следењето се врши разговор со наставникот, а заклучоците од разговорот се внесуваат воизвештајот.

**Структуираното следење** на наставата е она кое е планирано во годишните програми на директорот ипедагогот. Ова следење:

- се договара најмалку ден порано со наставникот;
- однапред се знае што ќе се следи;
- следењето се бележи во однапред изработени обрасци кои се исти за сите следења; - последењето се разговара со наставникот или писмено му се доставува извештајот од следењето;

Овој образец се чува во наставничкото досие.

2. Следење и вреднување на воннаставните активности

Реализацијата на воннаставните активности ќе се следи на полугодие и крај година внесувајќи гисодржините во посебен образец за следење. Овој образец се чува во наставничкото досие.

3. Следење на педагошката евиденција и документација

Следењето на педагошката евиденција и документација е со цел: увид, контрола и преглед на начинот на кој се потполнува од страна на вработените во

училиштето. Следењето во врши директорот на училиштето во соработка со педагогот и психологот

Видови документи кои се следат и динамика на следење:

| **Вид на документ кој се следи** | **динамика на следењето** | **начин на следење** | **документ за евиденција** | **носители на следењето** |
|---|---|---|---|---|
| Главната книга научениците | 1. на почетокот од учебната година - крајотна септември<br>2. на крајот од учебната година | 1. проверка на внесените податоци за новите ученици<br>2. проверка на внесените податоци одуспехот на учениците | Хронолошки листи заследење и регистрирање на недостатоци | директор педагог психолог |
| Одделенската книга (дневниците) | По секој класификационен период; ноември, јануари, април и јуни | Проверка на внесените податоци за учениците, нивниот успех и друго. | Хронолошки листи заследење и регистрирање на недостатоци | директор педагог психолог тим за прегледување |
| Сведителствата | На крајот од учебната година | Проверка на внесените податоци за учениците, нивниот успех. | | Директор, одделенски раководители |
| Преведниците (запишани и отпишани ученици) | Во текот на целата учебна година (по потреба) | Проверка на внесените податоци за учениците | Евидентен лист за запишани и отпишани ученици | директор педагог психолог секретар |

### 16.4. Самоевалуација на училиштето

На секои две години училиштето врши самоевалуација за сопствената работа и постигања. .Согласно Законот за основно образование по предлог на директорот , Училишниот одбор при ОУ „ Крсте П. Мисирков “- Бистрица ја формира училишната комисија која изготви извештај за извршената самоевалуација за периодот 2023/2025 година, со предлог мерки за подобрување на работата на училиштето во следните години. Комисијата работеше во состав:

1. Светлана Соклевска - одделенски наставник

2. Арјона Исовска - психолог

3. Марина Божиновска- педагог

4. Сањ - предметен наставник

5. Дејан Димовски - член на Совет на родители

По спроведената самоевалуација се определуват јаките и слабите страни и се даваат предлози за надминување на истите. Според самоевалуацијата се изработува Развојната програма за работа на училиштето. .

## 17. Безбедност во училиштето

Во учебната 2025/2026 година се продолжува со реализација на превентивни активности за оптимални безбедносни услови за престој и работа, како и обуки на учениците и вработените за ефикасно постапување во случај на незгоди. Во однос на безбедноста, во училиштето има изготвено:

- Правилник за заштита од пожари, како една од мерките за заштита од елементарни незгоди, во кој се пропишани мерки за безбедност на учениците во текот на наставата во училишната зграда и училишниот двор.

• План за заштита и спасување, во кој се пропишани правилата за постапување во случај на елементарни незгоди.

• План за едукација и заштита на учениците во случај на елементарни незгоди

• Кодекс на однесување за учениците, наставниците, родителите и надворешни лица и Куќен ред • Рапоред на дежурства на наставниците истакнат на видно место.Со обезбедување на дежурство од страна на наставниците за време на одморите се води грижа за безбедноста на учениците

• Активностите за заштита и безбедност на учениците се координирани со институциите во локалната заедница: Министерството за внатрешни работи , Општина Битола, Центарот за социјални грижи.

Редовно се вршат и симулации на евакуација на учениците од училишната зграда кон излезите и дворот на училиштето.

За безбедноста во училиштето се грижат сите структури почнувајќи од директорот, стручната служба, наставниците и техничката служба во училиштето.

## 18. Грижа за здравјето

Целта на активностите од ова подрачје е да се оспособуваат учениците за заштита и унапредување на здравјето, преку развивање на свесноста за значењето на психофизичкото здравје на човекот и зголемување на личната и колективна одговорност.

Програмски содржини:

• одржување на хигиената во училиштето

• редовни систематски прегледи и вакцинации; стоматолошки прегледи

• реализација на едукативни предавања од областа на здравственото воспитување и здрава исхрана

Конкретните содржини ќе се реализираат низ редовната настава, часот на одделенскиот раководител и слободните активности, како и во соработка со Здравствен дом Битола, со Центарот за јавно здравје и невладини организации од оваа област.

### 18.1. Хигиена во училиштето

Училиштето и оваа учебна година ќе води грижа за хигиената во училишниот објект. Во текот на годината, во училиштето ќе се врши дезинфекција, дезинсекција и дератизација од страна на Центар за јавно здравје во законски пропипаните рокови.. По потреба, во случај на епидемија, постапките можат и да се повторат. Ходниците, тоалетите, училниците, ќе се чистат и одржуваат во текот на денот со средства за хигиена и ќе се дезинфицираат. Ходниците се чистат редовно во текот на денот. Подот и мебелот во училниците се чистат два пати во денот Генерално чистење ќе се изведува за време на зимскиот распуст и за време на летниот одмор. Во текот на годината – континуирано, за време на училишните акции – Ден на екологијата, Ден на планетата Земја, учениците и вработените ќе се организираат за чистење на училиштето и дворната површина околу него.

Дворното место – зелената површина во училишниот двор ќе се одржуваат секојдневно од страна на техничкиот персонал, учениците и наставниците и ЈКП Комуналец. Дворот во училиштето е чист од секакви отпадоци, земјаните површини се позеленети и редовно се одржуваат. Во дворот на училиштето се поставени детски реквизити за играње и клупи за седење. Во секоја училница има корпи за отпадоци а во ходниците има големи канти за отпад.

## 18.2. Систематски прегледи

Редовни систематски прегледи се вршат согласно Законот за здравство и Програмата за имунизација на учениците и тоа во следните одделенија: во прво (при уписот), во трето, во петто и во седмо одделение. Систематските прегледи се општи и стоматолошки и се вршат без попречување на наставата. Редовно се вршат и систематски прегледи на вработените во училиштето.

## 18.3. Вакцинирање

Согласно Законот за здравство и Програмата за имунизација се врши редовна и задолжителна имунизација на сите ученици по следниот редослед: во прво, второ, шесто и осмо одделение. Секој запишан ученик во прво одделение има и вакцинален статус во досието (Потврда за примени вакцини). Одговорно лице од училиштето Марина Божиновска – педагог.

## 18.4. Едукација за здрава исхрана – оброк во училиштата

Во текот на учебната година се врши и едукација на учениците за здрава храна . Едукативните работилници за здрава храна се организираат во соработка со Центарот за јавно здравје од Битола и педагошко-психолошката служба во училиштето. Исто така и наставниците на своите часови спроведуваат активности за здрава храна. Одделенските раководители реализирааат активности во рамките на Вештини за живеење на одделенските часови за здрава храна.

## 19. Училишна клима

Во училиштето има позитивна социо-емоционална клима. Училиштето има основни обележја – табла со основните податоци (име и седиште на училиштето), поставени на влезот од училиштето. Постојат и посебни обележја на секоја просторија во училиштето, како и за секој вработен посебно. Училиштето редовно одржува манифестации на кои се промовираат разни успеси на учениците-сегашни и минати. При тоа сите тие манифестации се збогатени со флаери, постери, монографија за постоењето на училиштето, изложби на ученички трудови, дипломи итн. Всушност-училиштето е центар на случувањата во средината.

Училиштето има јасна и недвосмислена визија и мисија, во која се нагласени целите и приоритетите во работењето на училиштето, како и определбата за меѓуетничка интеграција  и јакнење на соживот  на сите етникуми.

Во училиштето постои кодекс на однесување за ученици,наставници и родители. Истиот е заеднички донесен и усвоен на почетокот на учебната година со родителите, учениците и наставниците и  истакнат во ходникот и во секоја училница. Со почитување на заднички прифатените правила се поттикнува и негува кутурата на однесување во училиштето.

Врз основа на собраните податоци (извршени анкети на директор, наставници, ученици и родители), заклучивме дека постои взаемно почитување и соработка помеѓу вработените во училиштето при тоа на новите наставници им се дава соодветна помош од страна на менторот, стручната служба и колегите. Се поттикнува развивање на ученички способности, воспитување и образование во духот на толеранцијата и почитување на културните, верските и половите разлики.

Наставата се изведува на два наставни јазици: македонски и албански наставен јазик,  што нашето училиште го прави отворено за соработка, а  етничката толеранција  и соработка е на многу високо ниво.

### 19.1. Дисциплина

Во училиштето се води политика за почитување на интегритетот на секоја личност, а при тоа да не се нарушува кодексот на однес ување на сите субјекти кои фигурираат во воспитно-образовната работа. За дисциплината во училиштето и училишниот двор задолжени се и учениците и родителите, како и стручната служба која прави големи напори учениците да бидат запознати со сите новини, со добрите и лошите страни на животот во домот, училиштето и она што понатаму ги очекува во животот. Изработен е распоред со дежурни наставници за време на одморите, за дисциплината во училниците одговараат дежурните ученици на паралелката.

**19.2. Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето**

Во уредување и одржување на просторот во училиштето и дворот ќе учествуваат сите субјекти. Секој наставник пред својот кабинет или училница ќе го уредува  според потребите и наставните содржини. На сите ходници пред секоја училница поставени се паноа на кои ќе се истакнуваат изработките од учениците. При организирање на одредени активности во училиштето уредувањето на просторот ќе биде одговорност на наставниците кои ги организираат истите. Во училиштето исто така се води грижа и за училишниот двор, се одржуваат зелените површини, се засадуваат садници и цвеќиња, и се одржуваат поставените клупи. Тоа е грижа на сите вработени кои во одредени периоди на учебната година преку организирани акции заедно со учениците и родителите придонесуваат за убавиот изглед на училиштето

Планирани се работилници за здрава храна по една во секое полугодие за сите ученици во рамките на одделенскиот час во соработка со родители.

**19.3. Етички кодекси**

Во училиштето има кодекси за однесување на учениците, наставниците и родителите. Истите се поставени на видни места во училиштето: по ходници и училници. Исто така постои и Етички кодекс за оценувањето на постигањата на учениците, ЕКО-кодекс и Кодекс за компјутерската техника и инвентарот во училиштето. Со почетокот на учебната година одделенските раководители посебно внимание обрнуваат на етичкиот кодекс на однесување со цел учениците да се насочат кон дисциплина и почитување на моралните вредности.

Панирани се 2 иновирања во кодексите и тоа со рок на изработка август- септември.

**19.4. Односи меѓу сите структури во училиштето**

Почитувањето на целосниот интегритет на секоја личност е една од основните цели која се практикува  во училиштето. На тој начин нашето училиште се стреми кон развивање на меѓучовечките односи и подобрување на климата, како основен фактор за  квалитетната работна атмосфера. Односите помеѓу сите структури во училиштето се високо професионални и има позитивна социо-емоционална клима.

Тим составен од претставници на сите структури (раководен кадар, администрација, тех. служби, стр соработник и наставници), кој ќе направи анализа на критичните точки во комуникацијата помеѓу одредени структури во училиштето и ќе предложи конкретни активности (состаноци, работилници, дебати, заедничк

прпрослави, екскурзии и сл.) со цел да се подобри квалитетот на комуникацијата и да зајакне меѓусебната доверба и соработка :

## 20. Професионален и кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

### 20.1. Детектирање на потребите и приоритетите

Стручно-педагошко и дидактичко усовршување на наставниците ќе се изведува според програмските елементи за одделните нивоа во рамките на училиштето, преку Бирото за развој на образованието, наставните факултети и други стручни институции и организации за развој на образованието и тоа преку:
- учество на семинари, советувања и предавања (екстерни)
- организирање на меѓусебна посета на часови и заеднички советувања и анализи
- пренесување на позитивни искуства во реализацијата на нови форми и методи во изведувањето на наставниот процес
- анализа на применети нови методи на оценување
- усовршување на образовната технологија во воспитно-образовниот процес
- воведување на иновации, нови форми, методи како и стратегии и техники во наставниот процес
- искористување на изворите на учење, современите наставни средства и помагала
- изработка и користење на наставни материјали, нагледни средства и помагала, изработка и користење на симулации, на процеси и сл.

### 20.2. Активности за професионален развој

Целта на професионалниот развој е едукација и перманентно усовршување на наставниот кадар, со цел да се подобри квалитетот на наставата. Секако од приоритетно значење ќе ни биде и аплицирањето за нови проекти со кои сакаме нашето училиште да го доближиме до европските стендарди на ефективност и ефикасност во работата на наставниците и постигањата на учениците.
Улогата на директорот на училиштето е да го подржува и развива усовршувањето и професионалниот развојот на вработените. Сите оние кои континуирано лично се усовршуваат и напредуваат во професијата ќе ги зголемуваат своите способности за постигнување на резултати во својот живот кон кои вистински се стремат.

Директорот на училиштето во соработка со тимот (кој го сочинуваат: помошник директор, стручните соработници-педагог и психолог и одговорните наставници на стручните активи ќе ја реализираат предложената Годишна програма.)

Планот и програмата за професионален развој се работи како анекс на годишната програма и во неа се зацртани основните активности за професионален развој на вработените.

### 20.3. Личен професионален развој

Личниот професионален развој го надградува секој вработен во согласност со новините и потребите на своето работно место. Училиштето се стреми да ги следи модерните текови во образованието со еден континуиран и строго професионален однос кон самата работа, а воедно ги развива и меѓучовечките односи со една позитивна клима на работа и соживот. Секој наставник треба да изработи свој личен план за професионален развој.

### 20.4. Хоризонтално учење

Времето во кое живееме денес, со сите промени кои ги носи со себе во различните области на животот и работата, ја условува потребата за постојано учење и образование. Тоа истовремено значи дека современиот систем на образование мора да се гради на база на еден нов тип на учење - на учењето како да се учи или самоучењето. Појавата на самоучењето може да се смета како реакција на промените во пост-индустриското општество. Самоучењето per se е одговор на ова прашање, бидејќи тоа им дава огромна автономија на личностите и влевање на моќ во нивните животи - лична, образовна и граѓанска.

Самоучењето, полека но сигурно, треба да стане дел од секој модерно конципиран систем за образование, овозможувајќи им и на децата и на возрасните да станат управувачи со сопственото образование и учење и да бидат во тек со забрзаните промени на општеството базирано на знаење.

| **Акционен план за хоризонтално учење** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Активност** | **Задача** | **Носител на активноста** | **Време на реализација** | **Очекувани ефекти** |
| Посета на отворени и нагледни часови | Споделување искуства | Наставниот кадар | Во текот на цела година | Адекватен избор на форми, методи , техники и наставни средства |
| Меѓусебни консултации за имплементирање на новините во наставни програми | Споделување сознанија стекнати на обуките од страна на БРО | Наставниот кадар | Во текот на цела година | Успешна реализација напрограмите во наставата |
| Размена на дневни подготовки, нагледни средства и други материјали меѓу наставниците од нашето училиште | Збогатување на ресурсите за реализирање на наставните содржини | Наставниот кадар | Во текот на цела година | Користење соодветни ресурсиво наставата Подобрена тимска работа меѓу наставниците |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Размена на искуства меѓу наставници од различни училиштаи различни етнички заедници | Збогатување на ресурсите за реализирање на наставните содржини | Наставниот кадар | Во текот на цела година | Зголемена соработка на локално ниво и почитувањена мултикултурализмот |

### 21.5. Кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

Кариерниот развој на наставниот кадар се уште не се практикува иако е донесен правиник за кариерен развој на наставници и стручни соработници од страна на МОН. Само еден наставник има добиено звање наставник ментор а тоа е одделенскиот наставник Светлана Соклевска.

## 22. Соработка на основното училиште со родителите/старателите

Соработката со родителите/старателите е од исклучително значење за успешна реализација на воспитно-образовниот процес во училишто и поради тоа , триаголникот ученик-наставник-родител е од клучно значење за усспешна воспитно-образовна работа во училиштето.План за соработка со родителите изработува секој одделенски раководител а и на ниво на училиште се планираат активности за соработка со родителите. Советот на родители, родителските состаноци најмалку 4 во текот на годината, советувањана родителите, предавања за родители,информирање и барање согласности за одредени активности, анкети за изборни предмети, вакцини и сл. се клучни показатели за соработката помеѓу училиштето и родителите.

### 21.1. Вклученост на родителите/старателите во животот и работата на училиштето



Во работата на училиштето видно е значењето, улогата и поврзаноста на училиштето и семејството во остварувањето на воспитно-образовната работа. Соработката меѓу училиштето и семејството е комплексно подрачје кое опфаќа: запознавање на родителите со целите и задачите на училиштето, запознавање со Годишната програма за работа на училиштето и извештаите од реализираните задачи, условите за работа во училиштето, интенцијата за развој на училиштето, меѓусебна помош на релација родители и училиште и обратно и сл. Соработката се реализира преку индивидуални контакти, родителски средби, седници на Советот на родители и активно учество на претставниците во работата на Училишниот одбор, вклучување на родителите во организацијата на наставните и воннаставните активности. Целта на состаноците на Советот на родители ќе биде насочена кон ангажирање и зголемување на активноста на учениците во наставата, кон зголемување на контролата на слободното време на учениците, организација на работниот ден, обезбедување на услови за непречено изведување на нивните обврски и активности и сл. Се изработува распоред за прием на родителите за индивидуални средби секој понеделник , како и отворен ден за родители во училиштето.

### 21.2. Вклученост на родителите/старателите во процесот на учење и воннаставните активности

***Во процесот на учење***

Родителите целосно се вклучени во процесот на учење преку родителските состаноци, индивидуалните родителски средби, како и преку проектот на Владата ,,Информиран родител, каде преку електронски пат родителите добиваат информации за своите деца. Родителите се вклучени и во советувања за ученици со повеќе од 3 слаби оцени, како и нередовни ученици со повеќе од 100 оправдани или 10 неоправдани изостаноци.

***-Во активностите во училиштето***

Училиштето секогаш е насочено кон работа со проектни активности па во таа смисла соработката со родителите е на многу високо ниво како во однос на учество во материјално-техничка помош, така и во креативно учество при реализацијата на активностите.

***-Во донесување одлуки***

Во Училишниот одбор како највисок орган во училиштето учествуваа тројца претставници од Советот на родители кој брои 40 члена. Советот на родители има годишна програма за работа и одржуваат редовни состаноци еднаш месечно, а по потреба и повеќе пати. На тие состаноци се разгледува тековната работа на училиштето и се донесуваат најразлични одлуки во интерес на учениците.

**21.3. Едукација на родителите/старателите**

***-Изработка на брошура за родители***

Училиштето изработува брошура за родителите на почетокот на секоја учебна година. Со брошурата родителите се информираат со најзначајните работи и новини во воспитно- образовната работа на училиштето.

Во соработка со државниот просветен инспекторат и други владини и невладини организации се организираат различни работилници каде родителите се едуцираат за актуелни настани кои ја засегаат младата популација. До сега одзивот бил доста добар при организирањето на овие средби, а често се случува и самите родители да покренат иницијатива за одредена работилница од нивни интерес. Од страна на Центарот за јавно здравје, редовно се врши здравствена едукација на родители во врска со заразни болести како бруцелоза, морбили, грип и други актуелни здравствени теми.

**22. Комуникација со јавноста и промоција на основното училиште**

- ***Локална заедница*** (локална самоуправа, бизнис заедница, местно население)

Основното училиште користи разни начини за поблиско поврзување со локалната средина. Најчесто таа соработка опфаќа:

- соработка со семејството, особено со родителите на учениците;
- соработка со воспитно-образовни установи, институции од областа на културата,здравството, невладини организации и здруженија, претпријатија и други органи и организации заради збогатување на својата дејност;
- разновидни општествени, културни и образовни активности со младината и возрасното население од локалната средина;
- информирање на пошироката јавност за резултатите што ги постигнува основното училиште;
- вклучување на училиштето во други културни и образовни активности што се организираат во рамките на локалната средина.

- ***Институции од областа на културата***

Соработката на училиштето со другите институции ќе се однесува и на Народниот театар од Битола преку посета на театарски и куклени претстави, посета на кино-претстави, посети на галерии, музеи, изложби и сл., соработка со градската библиотека, соработка со културно уметнички друштва и сл..

Соработка со организациите на младите од селата има подолга успешна традиција која ќе продолжи и оваа учебна година, а активностите ќе се однесуваат на обострано помагање при организирањето на различни акции и манифестации, а посебен акцент ќе се стави на соработката со еколошки здруженија и невладини организации, со цел развивање на еколошката свест и култура кај младите.

Соработката со локалната средина ќе се одвива пред се со поддршка или друг вид на помош од Советот на Општина Битола.

## 23. Следење на имплементацијата на годишната програма за работа на основното училиште

| *Приоритетни подрачја за следење* | *Начин и време на следење* | *Одговорно/ни лице/а* | *Кој треба да биде информиран за следењето* |
|---|---|---|---|
| Организација и реализација на наставата и учењето | - Следење на планирањата и реализацијата на задолжителната, изборната, дополнителната и додатната настава и вонnаставните активности;<br>- Евидентни листи за следење на часовите и активностите и извештаи<br>Во текот на учебната година | Директор, стручна служба | Наставен кадар |
| Унапредување на професионалниот и кариерниот развој на наставниците и струч.соработници. | Преку одговорни лица за планирање и реализација; Извештаи за спроведените активности; Записници од состаноци на сите инволвирани; Анкети;<br>Набљудување и повратни информации; Чек листи и листи за<br>следење на планираните активности. | Директор<br>Стручна служба<br>Раководител на подрачно училиште<br>Домаќин на училиштето | Вработените<br>Учениците<br>Советот на родители<br>Училишниот одбор<br>Општината<br>МОН |
| Осовременување на воспитно-образовната работа преку подобрување на просторните услови во училиштето (санирање на кровна конструкција, училници) | - извештаи - реализација на проектите | Директор<br>Раководител на ПУ<br>Надзорен орган | Учениците<br>Наставниците<br>Советот на родители<br>Училишниот одбор<br>Општината |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Унапредување на квалитетот на наставата | -посета на часови<br>-формулар за следење на час<br>-наставнички портфолија<br>-електронски ученички портфолија<br>-Следењето ќе се одвива во текот на учебната година | Директор<br>Стручна служба<br>Наставници<br>Тим за ИКТ | Ученици<br>Родители<br>Наставници<br>МОН<br>БРО |
| Подигање на соработката со родителите и нивно вклучување во севкупниот живот на училиштето. | Присуство состаноци на ученички парламент<br>Планот на тимот за граѓанско<br>-програма за работа на ученичка заедница - ученички иницијативи<br>- апликации<br>-акциони планови<br>-извештаи<br>Аркуси<br>Чек листи<br>записници<br>Докази<br>Извештаи | Комисијата одговорна за изготвување на Годишната програма на работата<br>Директор<br>Стручна служба Тим за поддршка на ученичкиот парламент и ученикот правобранител | Учениците<br>Наставниците<br>Советот на родители<br>Училишниот одбор<br>БРО<br>МОН<br>ДПИ<br>БРО<br>Општина<br>МЦГО |
| Следење на реализација на часови со примена на активна настава | Посета на час,<br>Разговор,<br>Увид во дневни подготовки | Директор<br>Психолог<br>Педагог | Директор<br>Општина |
| Евалуација на посетените часови на наставници од одделенска и предметна настава | Чек листа<br>Записници од одржани состаноци<br>Анализа на посетените часови Препораки за унапредување на дејноста | Директор<br>Педагог<br>Психолог<br>Претседатели на Стручни активи | Директор |
| Следење на реализација на додатна и дополнителна настава | Увиди во записници од додатна и дополнителна настава Посети на час Статистички анализи | Претседатели на Стручни активи | Директор<br>Педагог<br>Психолог<br>Стручни активи |
| Евалуација на професионален развој на вработените | Разговори<br>Увиди во сертификати и во наставничко досие | Тим за проф. развој психолог | Директор |
| Следење на реализацијата на вонучилишните активности | Преку извештаи, дневни белешки | диретор | Општина, МОН;БРО, родители |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Следење на реализација на акциските планови | Записници<br>Анализи<br>Извештаи<br>Педагошка евиденција | Координатори на Тимовите за акциските планови | Училишен одбор<br>Директор<br>Стручни активи |
| Евалуација на работата на стручните активи | Анализи и дискусии по извештаи од стручните активи | Наставнички совет | Директор<br>Стручна служба |
| Анализа на постигнатиот училишен успех во споредба со претходната учебна година | Статистички анализи на среден успех на учениците на полугодие и крај на година | Одделенски и наставнички совет | Директор<br>Стручна служба |
| Следење на реализација на Годишната програма | Анализи на реализација на Годишната програма | Тим за евалуација на Годишна програма | Директор |
| Изготвување полугодишен и годишен извештај | Анализа на работењето На училиштето | Тим за евалуација на Годишна програма | Директор<br>Стручна служба<br>наставници |
| Увиди во водење на педагошка евиденција и документација | Прегледување на<br>Педагошка евиденција и<br>Документација, Записници и<br>Извештаи | Директор<br>Комисии за прегледување, стручна служба | Директор<br>Стручна служба |
| Зајакнување на демократската клима воучилиштето | | | |

## 24. Евалуација на годишната програма за работа на основното училиште

### Инструмент за подготовка, следење и евалуација на програмите и акционите планови

| Година 2025/2026 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Временска рамка(месец) | | | | | | | | | | | | | | | Следење | | | |
| **Активност** | **9** | **10** | **11** | **12** | **1** | **2** | **3** | **4** | **5** | **6** | **7** | **8** | **носител** | **Начин на спроведување (ресурси)** | **Инструменти** | **Очекувани резултати** | **Одговорно лице** | **x** | **Потребен буџет** |
| Подготовка на програмите и акциските планови | | | | | | | | | | x | | x | Директор,психолог, стручни служби | Проверка на подготвените програми и акциски планови | Чек листи | Квалитетни акциски планови и програми кои ќе придонесат за унапредување и развој на целокупната работа во училиштето. унапредување на воспитно | Директо стручни соработници | | |

| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Следење на реализацијата на акциските планови | | x | | x | | x | | x | | x | | | Директор,психолог, стручни служби | Спроведување на активностите зададени со програмите и акциски планови/ одржување на координативи состаноци на тимовите | Анализа на периодични писмени согледувања, полугодишени годишен извештај | навремена и целосно спроведување на планираните активности | Директо стручни соработници | | |
| Евалуација на програмите и акциските планови | x | | | | | | | | | | | x | Директор,психолог, стручни служби | Анализа и евалуација на спроведените активности предвидени со програмите и акциските планови / полугодишни и годишни извештаи | извештаи анализи | навремено ефикасно и целосно реализирање на планираните активности, | Директо стручни соработници | | |

| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Следењена постигањата на учениците во наставните и воннаставните активности | | | | | x | | | | | x | | | Наставници, стручни соработници родители | Полугодишен и годишен извештај | набљудување | Напредување на учениците според сопствените можности и способности и поттикнување на нивниот личен и емоционален развој | наставници | | |
| Следење на оценувањето на учениците | | | x | | x | | | x | | x | | | Тим за унапредување во оценувањето | Евидентни листови, чек листи идруги инсрументи за оценување | анализа | Поттикнување интерес за напредок вонаставата и објективно оценување Усогласени станди<br><br>критериуми за оценување. | Тим за следење на оценувањето | | |
| Следење на педагошката евиденција и документација | | | | | x | | | | | x | | x | Тим за педагошка и евиденција | Од.дневници, Главни книги евидентни листови свидетелства | | Уредна и законски водена педагошка евиденција и документација | Тим за следење на педагошка евиденција и документација | | |

## 25. Заклучок

Основната функција и суштина на годишната програма се состои во тоа што со неа се осмислува дејноста на училиштето за учебната 2025/2026 година, ресурсите и условите за работа во училиштето (простор, ученици, опрема, стручен кадар и наставен кадар и други потреби), како и динамиката на реализација на задачите и активностите во текот на целата учебна година.
Го поттикнуваме емоционалниот и социјалниот развој на учениците почитувајќи ги индивидуалните карактеристики на учениците, етничката припадност и родовата еднаквост. Нашето училиште го поддржува професионалниот развој на наставниците при тоа обезбедувајќи задоволство и ефективност на сите вклучени во воспитно-обазовниот процес. Овде учениците ќе стекнуваат квалитетни и трајни знаења, кои ќе ги применуваат во понатамошното школување и ќе придонесат за нивниот личен развојПреку реализцијата на образовниот и воспитниот процес, ќе се грижиме за задоволување и развивање на индивидуалните интереси и способности на учениците, вклучувајќи ги во работата на секциите, спортските клубови кои ги нуди училиштето и другите воннаставни активности. Со тоа ќе ја поттикнуваме и заедничката работа која придонесува за развивање на меѓусебна доверба и дружење на учениците во слободното време. Според афинитетите и способностите нашите ученици активно ќе учествуваат во сите натпревари кои ќе бидат организирани од страна на општината, други училишта, невладини организации како и во рамките на самото училиште , тековно од страна на наставниците како ментори. Со тоа ќе го развиваме натпреварувачкиот дух, кој ќе придонесе за зближување на учениците од разни средини. Преку натпреварите се развива и се продлабочува интересот на учениците, се воспоставува активен однос кон наставата, се продлабочуваат и се прошируваат ученичките знаења. Родителите ќе бидат вклучени во процесот на учење со тоа што ќе бидат информирани за наставниот план и програма со посочување линкови до истите, а за наставниот процес ќе ги информираме преку: Советот на родители, групни и индивидуални средби со наставници, преку стручната служба на училиштето и преку Е-дневникот. Учеството на родителите во процесот на учење ќе биде насочено кон давање помош при изработка на нагледни средства и дидактички материјали за покреативно изведување на наставата, во давање на предлози во однос на учество на разни манифестации (продажни,
изложбени и собирни акции во училиштето) како помошници во изработка на производи зависно од темата, промоции, како и посета на одредени институции и објекти кои се тесно поврзани со наставниот план и програми. Како членови на органите на училиштето активно ќе учествуваат во давање предлози за донесувањето одлуки во врска со изведување екскурзии, топол оброк и ужинка за учениците, опременост на училиштето, организирање презентации, трибини на теми интересни за учениците и родителите, уредување на училишниот простор и сл. Училиштето ќе ја продолжи успешната соработка со локалната средина, општината, меѓународните организации, невладините организации преку разни проекти, хуманитарни акции и разни други активности. Ќе останеме секогаш транспарентни во нашето работење и отворени за соработка, постојано надополнувајќи го триаголникот наставник-ученикродител без кој и не може да се замисли успешното функционирање на едно училиште.

## 26. Комисија за изработка на годишната програма за работа на основното училиште

Татјана Апостоловска - Ѓоргиевска – директор
Марина Божиновска – педагог
Александар Димитровски – психолог
Арјона Исовска- психолог
Светлана Соклевска– одделенски наставник
Мирјета Демировска – одделенски наставник
Ферди Фејзулаи – предметен наставник
Весна Станчевска-Димитровска – предметен наставник
Емир Шабановски– претставник од ученички парламент
Арјета Даутовска – претставник од ученички парламент

## 27. Користена литература


Закон за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/19 и 229/20)

Законот за наставници и стручни соработници

Законот за работни односи

Законот за јавни набавки

Стратегија за образование 2018-2025

Наставни планови и програми

Статут

Етички кодекс

Правилник за работа на комисии

Правилник за работно време

Годишен извештај за 2022/2023година

Извештај од самоевалуација

Извештаи за финасиското работење на училиштето

Записници од Училишен одбор

Записници од Наставнички совет

Записници од Стручни активи

Записници од Совет на родители

Правилник за формата и содржината на годишната програма за работа на основното училиште

Насоки за подобрување на менталното здравје на учениците од МОН

## ПРИЛОЗИ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ

**-**Годишна програма за работа на: директор, помошник директор, сите стручни соработници одделно, училиштен одбор, совет на родители, наставнички совет, стручни активи, одделенски совети, училиштен инклузивен тим, ангажираните образовни медијатори, тутори, хор и оркестар, заедница на паралелката, ученички парламент, ученички правобранител.

-Распоред на часови

-Акциони планови за реализација на сите проекти во училиштето и акциски истражувања

-Програми за воннаставни активности

-Програма за додатна настава

-Програма за дополнителна настава

-Програми за вонучилишни активности

- Програма за реализација на ученички натпревари

-Програма за унапредување на мултикултурализмот/интеркуртуларизмот и меѓуетничката интеграција

- Проекти што се реализираат во основното училиште

-План за поддршка на учениците и за подобрување на резултатите

-План за професионална ориентација на учениците

-План за промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупореба и запуштање, спречување дискриминација

-План за следење и  анализа на состојбите со оценувањето

-План за стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно-образовниот кадар

-Програма за самоевалуација на училиштето

-Програма за заштита и спасување од елементарни непогоди

- Распоред на дежурни наставници

- План за естетско и функционално уредување на просторот и опкружувањето на училиштето

- Правилник за однесување на ученици, наставници и родители (во училиштето и училишниот двор)

-Програма за професионален и кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

- Програма за соработка на основното училиште со родителите/старателите

-Програма за соработка со локална средина и локална заедница

-Програма за грижа за здравјето на учениците

-Програма за јавна и културна дејност на училиштето

-Програма за следење и евалуација на годишната програма за работа на основното училиште

мп

Директор　　　　　　　　　　　　　　　　Училишен одбор

/Татјана Апостоловска – Ѓоргиевска /　　　　　　　　/  Дејан Димовски  /